# ЗАНАЕТЧИЈА



Весникот е изработен со заеднички средства на Занаетчиска комора Кобленц и Занаетчиска комора Скопје

занаетот наша иднина

Број 14 | Март 2009 | e-mail: zanaet@unet.com.mk



ПАРИ — Четврток, 12 февруари 2009

ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО ПРЕСМЕТКИТЕ

**Занаетчиството ќе замре со бруто-платите**

Еден фризер месечно ќе мора да уплаќа по 27.000 денари за плата, данок и за придонеси

## ЗАНАЕТЧИСТВОТО ЌЕ ЗАМРЕ СО БРУТО ПЛАТИТЕ

До Уставен суд на РМ Занаетчиска комора Скопје поведе иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставност на член 14 ст.1 т.3 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување на ден 27 јануари 2009 год.

повеќе на страна 5




## АКТИВНОСТИ НА СЕКЦИЈАТА НА КАМЕНОРЕСЦИ

Членови на секцијата на каменоресци организирано го посетија Саемот за мермери и опрема во Верона Италија каде видоа најнови технички и технолошки достигнувања во оваа област, најсовремена опрема и алати за обработка на камен и различни видови на мермери и гранити.

повеќе на страна 7




## RESALE 2009, Karlsruhe COSMOPROF 2009, Bologna

**ОРГАНИЗИРАНА ПОСЕТА ЗА ЗАНАЕТЧИИТЕ НА САЕМИТЕ: ЗА УПОТРЕБУВАНА ОПРЕМА, ВО ГЕРМАНИЈА и ЗА ФРИЗЕРИ, КОЗМЕТИКА И ПАРФИМЕРИЈА, ВО ИТАЛИЈА**

повеќе на страна 8





# Извештај за работата на Занаетчиска комора Скопје 2008

• **Припреми за основање на Центар за обука**

За отпочнување на работа на Центар за стручно оспособување, а тоа значи спроведување на обуки, проверка на стручна оспособеност, обуки за мајстори и полагање на мајсторски испит за занаетчиски занимања изготвени се Програми за стручно теоретскиот дел на мајсторски испит за златари и фризери, Програми за општиот дел, Работна педагогија, Право и правни прописи за занаетчиството и Економско работење за кои е добиена согласност од Министерот за образование, а Програми за обука и проверка на стручна оспособеност за фризер, козметичар, шминкер, масер, златар, филигранист, резбар, обработка на камен изготвени се но не добиена согласност од Министерот за образование.

Изготверни се и потпишани од Министерот за образование Правилник за проверка на стручна оспособеност и Правилник за формата и содржината за уверенија за стручна оспособеност и дипломи за мајстори и се чека објавување во Службен весник на РМ.

Изготвени се Барање за основање на Центар за стручно оспособување, Елаборат за центарот, Изјава за обезбедени средства и простор, така да откако ќе се добие потребната согласност од Министерот ќе се отпочне постапката за добивање на дозвола за работа и верификација од Владата на РМ.

• **Прогласување,верификување на првите мајстори**

Донесен е Правилник за прогласување на првите мајстори

Свечено им се доделени дипломи на првите 107 мајстори занаетчии и тоа на 29 фризери, 8 козметичари, 10 златари, 1 папуџија, 3 часовничари, 1 фотограф, 3 автомеханичари, 6 пекари, 5 слаткари, 4 пластичари, 1 стаклорезач, 1 оптичар, 1 ливец,1 тапетар декоратер, 3 крзнари, 3 каменоресци, 1 гумар, 6 електромеханичари, 2 РТВ механичари, 2 машинбравари, 3 столари, 3 лимари

• **Стручно оспособување за филигран во Филигранско златарска работилница на Комората**

Стручно се оспособија 10 лица за филигран во период од 6 месеци (февруари-јули) според Програма за стручно оспособување за филигран и отпочна обука за стручно оспособување за филигран на втора група на пријавени кандидати во две смени.

• **Имплементација на ХАЦЦП**

Занаетчиската комора Скопје од јуни 2008 година започна да спроведува Програма за воведување на НАССР систем и процедури засновани на НАССР принципите кај занаетчиите и малите бизниси.

• **Се воведе нова услуга за занаетчиите за систематски прегледи и прва помош**

• **Се работеше на основање на Балканска унија на златари со седиште во Скопје, Р.Македонија во соработка со Балканска канцеларија за занаетчиство и мало стопанство**

Не е завршена постапката бидејќи се уште не се комлетни документите од сите земји основачи на Унијата.

• **Организирање на семинар за нови извори на енергија од 24-27 февруари во Вараждин Хрватска во соработка со партнерот, Занаетчиска комора Кобленц**

• **Подиумска дискусија “Значењето на стручното образование за занаетчиството и воопшто за стопанството и доживотното учење”**

Се организирше подиумска дискусија за спроведување на Законот за стручно образование и обука и Законот за образование на возрасни од 02-05 март во соработка со Партнерот, Занаетчиска комора Кобленц, на која се дискутираше за значењето на стручното образование за занаетчиството и воопшто за стопанството со добивање на кадар со стекнати компетенции и вештини, бидејќи наставата ќе се изведува според реформирани наставни програми во чии содржини ќе учествуваат и занаетчиите и ќе изучуваат стручни предмети кои ќе најдат примена во процесот на работа, како и ќе одат на практична настава кај работодавачите и тоа минимум 50% од вкупниот број на часови и ќе бидат вклучени директно во процесот на работа. Учествуваа претставници од државата, како Министерсво за образование, Центар за стручно образование и обука, Министерство за економија, Министарство за труд и социјална политика, Претставници од Средните стручни училишта, Градот Скопје, Сектор за образование.

• **Пилот проектот за имплементација на Законот за стручно образование и обука, Спремноста на Занаетчиската комора Скопје за спроведување на законот во делот за спроведување на практична обука на учениците кај работодавачите занаетчии, мајстори**

Пилот проектот го спроведе Занаетчиска комора Скопје со АСУЦ Боро Петрушевски Скопје каде 24 ученици од струката автокаросериски механичар, практичната обука ја обавуваа кај работодавачите занаетчии,мајстори во соработка со Партнерот, Занаетчиска комора Кобленц.

Со овој проект се утврди дека Занаетчиската комора Скопје е спремна да го спроведе Законот за стручно образование и обука, ги обучи мајсторите, изготви тространи договори за спроведување на практична обука на учениците кај работодавачи и ги запиша во Регистрите на ученици на практична обука.

• **Организирање на посета на меѓународен конгрес и саем на козметика во Белград**

• **Организација на манифестација “Фестивал на занаетчии и звуци на чаршијата” во соработка со Град Скопје и Занаетчиска комора Кобленц нашиот партнер од СРГерманија**

**Организирање и учество на Олимпијада за мехатроника во Романија 13-20 април 2008**

• **Организирана посета на Саемот КОСМОПРОФ Болоња Италија**

• **Организирана посета на Саемот за употребувана опрема РЕСАЛЕ Карлсруе Германија**

• **Балкански семинар за реставрација на културно историски споменици во Охрид од 01-05 јуни на тема “Стари градски куќи,стара архитектура Бундручка градба” во соработка со Балканска канцеларија за занаетчиство и мало стопанство**

• **Организиран настап на 14 генерален бх саем ЗЕПС, Зеница, 16-21 októмври 2008**

• **Организирање и настап на Саемот ТЕХНОМА Скопје**

*** Саем за занаетчиство**

• **Организирана посета на саем за мермери во Верона Италија**

• **Изготвување на предлози и мислења од Секција на каменоресци за Предлог Закон за гробишта кој се донесе и во кој се вградени предлозите на каменоресците**

• **Соработка со банките и другите финансиски институции за изнаоѓање поволни услови за финансирање на занаетчиите**

• **Работа на проекти на АППРМ**

1.Проект ИНФО ПУЛТ

2.Проект ВАУЧЕРСКО Советување

3.Проект за самовработување (Проект на Владата на РМ во кој е партнер и Занаетчиска комора Скопје)

• **Работа со секциите и нивни активности**

• **Издавање на весници ЗАНАЕТЧИЈА по потреба**

• **Соработка со сите институции на државата,**

**лобирање на Комората и**

1. Решавање на проблемите на занаетчиите

2. Создавање клима и услови за развој на занаетчиството.

**8-мо Мартовски БАЗАР**

По повод посетата на сопругата на Јапонскиот Амбасадор **Г-ѓа KAZYO TANAKA** во Македонија и по повод празникот 8-ми март, Занаетчиска Комора Скопје организираше изложба на домашни и уметнички ракотворби во просториите на Домот на занаетчии Скопје во Стара скопска чаршија.

Свои уметнички и домашни ракотворби претставија 20 занаетчии кои изработуваат предмети од бронза, бакар, дрво, текстил, стакло, филигран и друго.

**Г-ѓа KAZYO TANAKA** го посети Базарот како и Златарско-филигранска работилница.







До: **Собрание на Град Скопје**
**Градоначалник**
**Совет на Град Скопје**
**Одделение за урбанизам**
**Локален економски развој**

Од: **Занаетчиска комора Скопје**

Предмет: **Предлог за користење на јавен простор, тротоари улици, плоштади од занаетчии кои произведуваат уметнички и домашни ракотворби**

Место и дата: **Скопје, 20 февруари 2008 год**.

Занаетчиската комора Скопје како асоцијација која ги обединува занаетчиите од Градот Скопје и на која главна цел и задача е да создава услови за развој на занаетчиството заедно или во соработка со локалната самоуправа и државните институции преку донесување на закони,правилници и други акти кои имаат допирни точки со занаетчиството,ви се обраќа со предлог да во одлуките кои ги донесува Советот на Град Скопје да се предвиди одредба според која ќе се утврдат услови и постапка според која ќе можат занаетчии кои произведуваат уметнички и домашни ракотворби да можат да ги продаваат своите производи улично или од место во место и за тоа да си платат комунална такса.

Овие занаетчии би го ја збогатиле содржината на плоштадот и улиците со тоа што ќе нудат производи кои ја отсликуваат нашата култура и традиција на живеење наместо тоа што сега го имаме на улиците,улични продавачи на кинеска и турска стока.

Насекаде низ Европските метрополи имаме места каде се продаваат вакви производи кои ја отсликуваат тамошната трсадиција и култура и продаваат сувенири и други уметнички и рачно произведени производи.

Доколку се усвои овој предлог ќе имаат интерс и градот и општините бидејќи ќе го развиваат занаетчиството и ќе собираат комунална такси и занаетчиите кои ќе остварат поголем приход ,а тоа значи подобро занаетчиство и поголеми даноци повторно за државата и градот и општините.

Ви благодариме на соработката и се надеваме дека ќе дадете свој допринос за развој на занаетчиството во Градот.

со почит,
Занаетчиска комора Скопје







До: **Влада на Р.Македонија** Г-дин Никола Груевски, Претседател
**Министерство за финансии** Г-дин Трајко Славевски, Министер
**Министерство за Економија** Г-дин Фатмир Бесими, Министер
**Републичка управа за јавни приходи** Г-дин Горан Трајковски, Директор
**Републичка управа за јавни приходи Дирекција Скопје** Г-ѓа Елена Јанева Димова

Од: **Занаетчиска комора Скопје**

Предмет: **Барање за измена на основицата за пресметка на придонеси за занаетчиите и трговци поединци кои вршат занаетчиска дејност**

Место и дата: **Скопје, 27 јануари 2009 год.**

**Во чл.14 ст.1 т.3 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување (сл.в. на РМ бр.142/08) е пропишано дека за "самовработено лице кое врши самостојна економска дејност" во која спаѓаат занаетчиите и трговци поединци кои вршат економска дејност, основицата за пресметување и плаќање на даноци и придонеси е просечна плата во Републиката**, а за управител на трговско друштво, ДОО, ДООЕЛ, АД, основица за пресметување и плаќање на даноци и придонеси е 50% од просечната плата во Републиката.

Тоа значи ако некој има капитал и основа капитално друштво и е управител ќе плаќа 50% од просечна плата, а ако е лице кое се самовработува и вработува и други лица и според сите категории се смета за микро и мал бизнис плаќа даноци и придонеси на просечна плата. Ова е економски неоправдано и противуставно бидејќи со оваа одредба од горе наведениот закон со кој не само што не се во рамноправна положба, туку се создадени нееднакви услови за стопанисување во зависност каков правен статус е избран за делување, дали е регистриран како физичко лице во форма на занаетчија во регистарот на занаетчии што го води Занаетчиската комора или како трговец поединец и сте регистрирани во Трговскиот регистар, тогаш според член 14 став 3 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување се плаќа персонален данок и придонеси на просечна плата на РМ, а ако е избрана форма на правно лице, ДОО, ДООЕЛ, АД, тогаш за управителот и за вработените ќе се плаќаат даноци и придонеси на 50% од просечната плата.

Која е целта на Владата на РМ со донесување на вакви законски решенија со кои физичките лица кои вршат дејност и во законот се дадени како категорија "самовработено лице" и кои вршат занаетчиски дејности, трговија на мало, угостителски дејности, превоз на патници и стока и сл. и кои остваруваат најниски примања во државата да плаќаат даноци и придонеси од плата на минимална основица од просечна плата во Републиката, а управителите на трговските друштва да плаќаат даноци и придонеси на минимална основица од 50% од просечната плата. Овие дејности се најмалите бизниси во државата за кои државата со своите програми и стратегии за економски развој, се декларира дека ги подржува и потикнува малите и средни претпријатија, а овие физички лица се микро бизниси и тие со овој закон се оптоварени со даноци и придонеси во вкупен износ повеќе од индустријата.

Од кои причини е донесено ова законско решение не ни е познато, но дека Владата на РМ сака да затвори 12.000 занаетчии и трговци поединци кои во просек вработуваат од 2-5 вработени не гледаме реални причини, а и контрадикторно е дека со овој закон Владата на РМ промовира дека ќе се намалат даноците и придонесите за да останат повеќе средства за плата и за развој, а од ова законско решение произлегува дека се оптоварени со повеќе даноци и придонеси затоа што имаат повисока основица за плата, бидејќи досега за секоја дејност беше предвидена минимална плата која во најголем дел беше пониска од ова предвидена со овој закон. Да не зборуваме за дејности кои се ниско доходовни кои работат сами и се паушално оданочени со овој закон им се зголемува двојно вкупниот износ на даноци и придонеси. Со овој закон најголем дел од нив ќе затворат, ќе ги отпуштат вработените, а тие ќе бараат начин да работат на црно за да можат да егзистираат, затоа што ова се категорија на стопанственици кои си нашле самовработување, а со овој закон ќе ги вратиме во Агенцијата за вработување како невработени и социјални случаи.

Дали е потребна ваква законска одредба во ваква економска состојба во која се наоѓа нашето стопанство, со која на место Владата да го потпомага малиот бизнис кој е основа за прераснување во поголем бизнис, тој се оптоварува со повеќе даноци и придонеси и се создаваат услови за престанок на дејноста. Ова е категорија на вршители на дејност кои се еснаф и за своите обврски одговараат со целиот свој имот и од државата никогаш ништо не барале, а секогаш си ги исполнувале своите обврски за плаќање на даноци и придонеси.

Во сите законски прописи во однос на висината на паричните казни за физичките лица кои вршат дејност од мал обем или фамилијарни бизниси, се предвидени пониски износи во однос на паричните казни за правните лица кои вршат стопанска дејност, од причина што физичките лица вршат стопанска дејност од мал обем и остваруваат пониски приходи, а од овој закон произлегува дека тие се финансиски помоќни од трговските друштва кои вршат дејност од поголем обем.

Со ова одредба од Законот може да се случи и голем број на физички лица за да го изиграат законот да направат престанок на дејноста како физичко лице и се регистрираат како правно лице, но тоа нема да ги реши проблемите затоа што ќе ги изложите овие мали стопанственици на дополниителни трошоци за бришење и повторен упис, но таа правна форма не е поповолна за овие стопанственици од мал обем, затоа што тие имаат обврска за данок од добивка, повисоки комунални такси за истакната фирма, повисоки парични казни за прекршоци и стопански престапи, а ако се регистрирани како физички лица имаат поголеми поволноси токму од причина што се носко доходовни. Ако не се овозможи на занаетчиите "самовработени лица" основица за пресметување и плаќање придонеси 50% од просечна плата во Републиката, сите занаетчии ќе ги затворат занаетчиските дуќани ќе работат на црно (што мисламе дека за никого не е добро) и од чесни и вредни стопанственици, еснафи, ќе се создадат нови социјални случаи, а со тоа ќе се зголеми невработеноста.

Ако Влада на РМ се прокламира дека ги подржува малите и микро бизниси со Закон, беше потребно да се утврди основица помала од основицата на просечна плата на Републиката бидејќи занаетчиите се ситни, мали и остваруваат ниски приходи со цел да им се помогне да се развијат, вработат поголем број на работници и прераснат во мали и средни претпријатија, а со оваа законска одредба од член 14 став 1 точка 3 пропишуваме нееднакви и понеповолни услови за стопанисување за занаетчиството во однос на другото стопанство кое според сите критериуми е поголемо и капитално и остварува поголеми приходи.

**Пример: ако еден <u>ЗАНАЕТЧИЈА кој е запишан во Регистарот на занаетчии или трговец поединец во Трговскиот регистар, значи како физичко лице кое врши самостојна економска дејност "самовработено лице" т.е. се даночен обврзник со ЕДБ 5030 ќе плаќа околу 9.082,00 ден.</u> персонален данок и придонеси, а управител на <u>ДООЕЛ, ДОО, АД со ЕДБ 4030 ќе плаќа околу 4.193,00 ден</u>. персонален данок и придонеси.**

**Сметаме дека оваа законска одредба односно законско решение е противуставно бидејќи создава понеповолни услови за стопанисување на занаетчиството во однос на големото стопанство и дека не се создадени еднакви услови за стопанисување со индустријата, што е навистина неправедно и противуставно, затоа што се создадени различни услови за стопанисување и е повредено правото на еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот предвидено со член 55 став 2 од Уставот на РМ.**

**Се надеваме дека по итна постапка Владата на РМ ќе го разгледа барањето на занаетчиите за намалување на основицата за плаќање на даноци и придонеси предвидена во член 14 ст.1 т.3 и 4 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување и спречување на примена на оваа законска одредба која е во спротивност со член 55 став 2 од Уставот на РМ затоа што не создава еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот.**

**Законот во целина е добар и носи прогрес, но е потребно да се направат измени во членот 14 како би можел да ги даде зацртаните резултати. Најмногу ќе бидат погодени најмалите кои немаат вработени.**





**До Уставен суд на РМ Занаетчиска комора Скопје поведе иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставност на член 14 ст.1 т.3 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување на ден 27 јануари 2009 год.**

**Иницијативата е за оценување на уставноста на член 14 ст.1 т.3 и 4 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување и спречување на примена на оваа законска одредба која е во спротивност со член 55 став 2 од Уставот на РМ затоа што не создава еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот.**

ПАРИ — Четврток, 12 февруари 2009

ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО ПРЕСМЕТКИТЕ

## Занаетчиството ќе замре со бруто-платите

Наталија Томовска



Еден фризер месечно ќе мора да уплаќа по 27.000 денари за плата, данок и за придонеси

ЕКОНОМИЈА — ДНЕВНИК, ЧЕТВРТОК, 12 ФЕВРУАРИ 2009

## Околу 3.000 фирми пред казна

**Дали работодавците ќе бидат парично казнети ќе се знае откако УЈП ќе направи анализа на причините за доцнењето на пресметките за бруто-плата**

Даница Тунтевска



### Бруто-платата скапа за занаетчиите и за фармерите

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Министерство за финансии**
**- Кабинет на министер -**
Скопје, 18.02.2009 год.

**СООПШТЕНИЕ**

Владата на Република Македонија, на вчерашната седница, а на предлог од Министерството за финансии, ја разгледа и ја усвои Информацијата за исплата на јануарска плата на вработените согласно новата концепција на договарање, пресметка и исплата на бруто-плата.

Притоа, беше заклучено Министерството за финансии да пристапи кон подготовка на измени на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување со кои како пресметковна величина во текот на целата година ќе се користи просечната бруто плата која Државниот завод за статистика ќе ја утврди за последниот месец од претходната година или во конкретниот случај, просечната бруто плата утврдена за декември 2008 година, ќе се применува во пресметките во текот на целата 2009 година.

Исто така, се заклучи да се изготват измени на Законот и во насока на промена на начинот на пресметка на придонесите за категориите самовработено лице вршител на економска дејност, како што се занаетчии, таксисти, земјоделци и други субјекти регистрирани како трговец поединец, како и промена на начинот на пресметка на придонесите за категоријата самовработено лице вршител на интелектуална и друга професионална услуга, како што се адвокати, сметководители и други субјекти регистрирани како трговец поединец.

Имено, основица од која што овие субјекти ќе ги плаќаат придонесите ќе биде нето приходот кој што го остваруваат, при што максимална основица за плаќање придонеси ќе се утврди на ниво од четири просечни плати, како што е и за останатите вработени. Од друга страна, минимална основица за вршителите на економска дејност (занаетчии, таксисти, земјоделци и др.) ќе биде педесет отсто од една просечна бруто плата исплатена во државата, додека пак за вршителите на интелектуална и друга професионална услуга (адвокати, сметководители и др.) минималната основица ќе изнесува една просечна бруто плата.

На пример, кај адвокатите ќе се предложи да плаќаат придонеси на реална месечна заработувачка утврдена со примена на инструментот адвокатска маркичка. За оваа цел, Министерството за финансии и Министерството за правда подготвуваат Закон за адвокатска маркичка.

Со овие планирани измени на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, Владата покажува разбирање за барањата на овие категории субјекти, а се со цел поддршка и поттикнување на самовработувањето во различните дејности, потоа поддршка на традиционални занаети итн.

Воедно, на вчерашната седница, Владата на Република Македонија го задолжи Министерството за финансии да пристапи кон подготовка на специјално законско решение со кое ќе се решаваат проблемите на такси превозниците, а кои го обременуваат нивното работење повеќе од десеттина години. При тоа главен фокус треба да биде изнаоѓање начин за решавање на огромните износи на неплатени придонеси и други јавни давачки кои таксистите ги имаат кон државата, а сé со цел нивно понатамошно нормално функционирање во рамки на системот.

Со други зборови, земјоделците кои се регистрирани како трговци поединци (околу 1500 луѓе), кои имаат натрупани долгови од околу 7 години, како и таксистите кои исто така имаат натрупани долгови од над 10 години, ќе се решаваат со специјален закон, а покрај тоа, за нив, како и за занаетчиите, минималната основица за плаќање на придонесите со измена на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ќе се промени од 100% на 50% од просечната бруто плата во државата.

Кај адвокатите, наместо минималната основица да биде две просечни бруто плати, ќе биде една просечна бруто плата, при што ќе се донесе Закон за адвокатска маркичка, со што оние кои заработуваат над една просечна плата, нивната основица ќе се утврдува согласно висината на платата, што ќе се констатира преку вредносната маркичка.

Овие законски измени во наредниот еден месец, Владата на Република Македонија ќе ги предложи до Парламентот на усвојување.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**





**Настани во Рамки на Партнерскиот проект со Занаетчиската комора Кобленц и Балканската канцеларија за мало стопанство и занаетчиство**

**Конференција на тема: „Занаетчиско-политичка дискусија - нови предизвици и шанси за занаетчиското мало стопанство во Југоисточна Европа“**

**Октомври 2008**

Балканската канцеларија, која е инструмент за размена на искуства и информации во Југоисточна Европа, организираше **Меѓународна Конференција на тема: „Занаетчиско-политичка дискусија - нови предизвици и шанси за занаетчиското мало стопанство во Југоисточна Европа“.** Манифестацијата се одржа од 20.10.2008 до 22.10.2008 во Софија, Бугарија.
Присутните беа поздравени од страна на високи политички структури во Бугарија, Германскиот амбасадор во Р.Бугарија, како и гости од Германија Претседател на Уставен суд на Покраината Рајланд Фалц.
Теми на кои се дискутираше беа: Политичкиот развој на земјите на југоисточна Европа во поглед на стопанскиот развој на регионот, Нови предизвици и рамковни услови за занаетчиството и малото стопанство во земјите на западен Балкан, како и Новите ЕУ-членки Бугарија и Романија- нови шанси на пример на соработката на занаетчиството и високите стручни школи. Истовремено се одржа и II. Седница на Собрание на Балканската канцеларија со следниот дневен ред:

1. Изгласување на буџетот на здружението
2. Прием на нови членки
3. Промена на статутот на здружението (согласно промената на законската регулатива во Бугарија)
4. Разно







**Семинар за Градежништво во Пловдив**
**Октомври 2008**
**Интернационален практичен семинар за градежништво во Пловдив**

На практичниот семинар за градежништво во Пловдив учествуваа градежници од Бугарија, Црна Гора, Албанија, Косово, Романија, Македонија и Молдавија. Семинарот беше воден од градежници од Занаетчиската комора Кобленц и беше ставен акцент на санирање и одржување на постоечките градежни супстанци. При утврдувањето на содржината на семинарот пред се беше земена во предвид потребата да се санираат постоечките простории, да се реновираат и да се одржуваат. Во позадина на големиот број згради што треба да се реновираат во земјите од Јужна Европа, актуелна е и темата за модерно и современо санирање на зградите и градежните фирми. Поединечните теми на семинарот беа практично и теоретски претставени од Дипл. Инж. Дирк Гип-Градежни инжињерски науки, Уве Штум-стручњак за камени и мермерни плочки и мозаици, Дипл. Инж. Ерик Ауленбахер - загревање, проветрување, санитарија, Волфганг Колер - мајстор за ѕидање и бетон, Варнер Нет - Мајстор за ѕидање, камени и мермер-ни плочки и мозаици и Виктор Грефенштаин - мајстор за фарбање и лакирање.



**Професори од Автосообраќајниот училишен центар Боро Петрушевски на град Скопје на обука за Автомехатроника во Германија**
**Ноември 2008**

Откако свечено беше отворена образовната работилница за авто мехатроника во Автосообраќајниот училишен центар Боро Петрушевски на град Скопје која е донација на Занаетчиската комора Кобленц, Следна активност во рамки на заедничкиот проект помеѓу партнерите Занаетчиската комора Скопје, Училиштето и Министерството за образование беше обука на тројца професори за авто мехатроника во образовниот ценатр на Гемансkата комора.
Делегацијата беше во состав на Дејан Митевски, Александар Стезовски и Кристијан Петрески. Професорите имаа можност да ги посетат образовните центри, како и да се запознаат со наччинот на спроведување на практичната настава на учениците во истите. Делегацијата имаше можност да посети и неколку модерно опремени автосервиси меѓу кои и сервисот на Ферари.

**ЗАПОЧНА НОВА ФАЗА НА ПАРТНЕРСКИ ПРОЕКТ СО ЗАНАЕТЧИСКАТА КОМОРА КОБЛЕНЦ**

Од ноември 2008 година започна нова фаза на партнерскиот проект со Занаетчиската комора Кобленц од Германија. Како резултат на постигнатите позитивни резултати како и јасната потреба од продолжување на соработката Сојузното министерство за стопанска соработка и развој (БМЗ) го одобри финансирањето на овој проект кој ќе трае до ноември 2011-та година. Проектни партнери во новата фаза се досегашниот партнер Занаетчиската комора Скопје, како и Занаетчиската комора на Република Македонија која ги обединува сите регионални занаетчиски комори во Македонија.
Главна цел на оваа фаза е:

**"Занает-чиството во Македонија се повеќе допринесува и влијае на економскиот и социјалниот развој на земјата".**

Проектната цел се дефинира како:
**"Занаетчиите во Македонија профитираат од подобреното само-управување во областите: Застапување на интересите; пружање на услуги и стручното образование"**
Предвидени се три резултати кои треба да ги оствариме во тек на оваа фаза и тоа:
**Резултат 1**: Националната занаетчиска комора располага со концепт за развој на организацијата како и на занаетчиството воопшто и е во можност да ги застапува интересите на сите занаетчии во Македонија,
**Резултат 2**: Занаетчиските комори во Македонија се во состојба самостојно да го планираат и спроведуваат стручното образование и обука.
**Резултат 3**: Имиџот на занаетчиството во Македонија е зголемен, јавноста го препознава значењето на занаетчис-твото за целокупната економија на земјата, како и политиката препознава во самоуправните органи на занаетчиството силен и компетентен партнер.
Во текот на месецот февруари партнерите на зеднички Workshop ќе го утврдат планот мерки за следните три години.
Сигурни сме дека досегашната одлична соработка ќе се продолжи и понатаму и ќе се постигнат зацртаните цели и задачи.



**НАЈАВА**
**Во март Скопје домаќин на балкански семинари за готвачи и козметичари**

Во рамки на Балканската канцеларија за мало стопанство и занаетчиство при Занаетчиската комора Кобленц заедно со Занаетчиската комора Скопје од 26 до 30 март ќе се одржат стручни семинари за козметичари со тема : Spa и Wellness, како и Стручен семинар за готвачи.
Сите заинтересирани може да се пријават на: тел. 02/ 3237850; 3118657 или на e-mail: info@zkomora.com.mk; info@zkomora.mk

## ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА И ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

**Февруари 2009**

На средбата од Македонија учествуваа Слободан Анчевски, Манчо Лампевски, Борис Штерјов и Фиданчо Илиевски која се одржа од 24 до 27.02.09 во Хисар, Бугарија. Германски експерти говореа за Соларна енергија, техники за добивање електрична енергија од сончевата енергија (Fotovoltaik), Ветерна енергија, енегија од термални извори, енергија од биомаса.

## АКТИВНОСТИ НА СЕКЦИЈАТА НА КАМЕНОРЕСЦИ

Членови на секцијата на каменоресци организирано го посетија Саемот за мермери и опрема во Верона Италија каде видоа најнови технички и технолошки достигнувања во оваа област, најсовремена опрема и алати за обработка на камен и различни видови на мермери и гранити. Тоа ќе им послужи за развој на нивната дејност и воспоставување на нови контакти за набавка на мермери и гранити.
Каменоресците кои го посетија саемот им ги пренесоа своите впечатоци и новини на останатите членови на секцијата кои не беа во можност да го посетат саемот. Традицијата за организирани посети на саеми од овој тип ќе продолжи и понатаму и организирано ќе се посетуваат и други саеми во Европа.
Секцијата на каменоресци организираше и ден на каменоресците и приреди заедничка прослава која ќе биде традиционална со цел за зближување на каменоресците и воспоставување на добри деловни и лични контакти и подобро меѓусебно запознавање.
Секцијата на каменоресци е една од најактивните и најдобро организирани секции во Занаечиската комора Скопје која во изминатиот период превзема многу активности за подобрување на условите за работа на каменоресците за изградба на надгробни споменици во гробиштата Бутел и другите селски гробишта.
Се воспоставија добри деловни односи со АД Бутел Скопје кој управува со гробиштата се спречи монополското однесување и се намалија таксите на каменоресците за изградба и поставување на надгробни споменици во градските гробишта Бутел Скопје.







**Занаетчиска Комора Скопје**
**Да ја сочуваме традицијата на старите занаети филигранист**
Центар за златари и филигран организира обука за 12 филигранисти
**Пријавување во Занаетчиска Комора Скопје:**
информации на телефони
3 222 957
3 237 850

## ЗАПОЧНА ОБУКАТА ЗА ФИЛИГРАН НА ВТОРАТА ГРУПА ВО ЗЛАТАРСКО ФИЛИГРАНСКАТА РАБОТИЛНИЦА

Во Златарско филигранската работилница отпочна по втор пат обука за стручно оспособување за филигран во две групи и тоа претпладне и попладне, вкупно 19 лица, кои секој ден од понеделник до петок по четири часа ги совладуваат техниките на филигранскиот занает и се стекнуваат со вештини и компетенции за изработка на филигрански накит и други предмети. Обуката ја спроведува обучувач Тања Стојановска. По завршувањето на обуката ќе се стекнат со уверение за стручна оспособеност со кое ќе можат да се самовработат и да си регистрираат дејност за израбока на накит од филигран или пак да си најдат вработување.
Во групите се пријавени лица кои се со различни степени на образование, но најголем дел се лица со високо и средно образование кои не нашле вработување според завршеното образование и сега сакаат да се стекнат со квалификации за изработка на филигран. Има голем број кои студираат или завршиле Ликовна академија и сакаат да направат спој на уметноста и техниките на филигран.





# ПОКАНА

## За воведување HACCP систем во занаетчии и мали бизниси

Почитувани еснафи на комората

Занаетчиската комора Скопје заради пресретнување на занаетчиската обврска на своите членови за воведување на задолжителните хигиенски и безбедносни стандарди кај членовите кои работат со храна и произведуваат храна:

1. Угостителски (кетеринг) служби - ресторани, млечни ресторани, пицерии, ќебапчилници, слаткарници (цена 18.850,00 мкд)
2. Производство обработка и конзервирање на животинско и живинско месо, месарници и деликатесни продавници во коишто се ракува со свежо месо, рибарници (цена 18.850,00 мкд)
3. Производство на свежи слатки, сладолед и други замрзнати смеси, кисело млеко и млеко во домашни услови (цена 18.850,00 мкд)
4. Производство на леб и печива во свежа состојба, макарони, кори, кадаиф јуфки и слични тестенини, мелничари, бурекџии (цена 12.950 мкд)
5. Кафетерии, чајџилници (цена 9.800,00 мкд)
6. Леблебиџии, семкари, производство на бонбони, маркети и колонијали, бели пецива, пуканки, улични продавачи на крофни (цена 6.900,00 мкд)
7. Трговии на мало, колонијали, мини маркети, супер маркети (цена 6.900,00 - 18.850,00 мкд)

организира програма за воведување на HACCP систем. Членовите на комората обуката ќе ја добијат бесплатно. Можат да се вклучат и оние кои не се членови на комората по горе наведените цени.

Со Законот за бедзбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната, се пропишува должноста на сите ракувачи со храна во Република Македонија **до 31 декември 2008 година** да применат HACCP Систем или процедури засновани на принципите на **HACCP**. Казнени мерки ќе се изрекуваат од 01, мај 2009 година.

Ве повикуваме да се вклучите и да ги искористите можностите што ви ги нуди Занаетчиската комора Скопје во соработка со Кодекс системи за квалитет Скопје. Пријавување **во просториите на Занаетчиска комора Скопје, ул.Битпазарска 12, Стара Чаршија, Скопје (спроти галеријата Чифте Амам)**.

Обуката ,посетата на сите објекти ,изработката на документацијата започнување со евиденција трае од јуни до декември(јули и август се месеци за прилагодување на занаетчиите и малите бизниси според потребите на ХАЦЦП стандардите)

Лица за контакт:

Анета Атанасовска тел.3237 850,071 237 973:
Снежана Денковска тел.3222 957,071 991 981

## Занаетчиска комора Скопје организира СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ И ОБУКА ЗА ПРВА ПОМОШ

**Занаетчиите и вршителите на занаетчиска дејност (ТД, ТП) имаат обврска да направат:**

- ситематски прегледи лично и за сите вработени еднаш годишно **700,00 ден.**
- обука за прва помош на еден вработен до 20 вработени **1.000,00 ден.**

**според Законот за безбедност и здравје при работа.**

Пријавувањето и плаќањето е во Занаетчиска комора Скопје со доставување (по тел, факс, e-mail) на:

1. **назив, дејност, седиште на фирмата,**
2. **име и презиме на работодавачот,**
3. **список на вработените,**
4. **едно лице кое ќе се обучи за прва помош,**
5. **телефон за контакт.**

**Информации и пријавување на тел. 3 222 957 или 3 237 850**

## ОРГАНИЗИРАНА ПОСЕТА ЗА ЗАНАЕТЧИИТЕ НА САЕМИТЕ:

- **RESALE 2009, Karlsruhe Германија, за употребувана опрема од 22-24 април**
- **COSMOPROF 2009, Bologna Италија, за фризери, козметика и парфимерија 03-06 април**

**Информации на следните контакти:**
**тел. 02/3237-850; 071/237-973**
**e-mail: info@zkomora.com.mk;**





